Република Македонија
**Министерство за локална самоуправа**
**Биро за регионален развој**

Бр. 04-1020/11
13.12.2018 год

Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2 3121 350
Факс: (02) 2 3126 411
Сајт: www.brr.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) директорот на Бирото за регионален развој донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас бр. 03/2018 за унапредување на административен службеник во Бирото за регионален развој

1. Врз основа на интерниот оглас број 03/2018 заведен под број 04-1020/2 од 04.12.2018 година а според Финалните ранг-листи на инревјуираните кандидати со предлог-одлуки за избор на прворнгираните кандидати бр. 04-1020/10 од 18.12.2018 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр. 04-1020/8 од 26.09.2018 година СЕ ИЗБИРА:

**01.** За работното место 1: УПР 01 01 В03 000 Соработник за прибирање податоци за проекти за развој на селата, Одделение за оперативни плански документи, Сектор за спроведување на политиката за регионален развој – 1 извршител

- кандидатот Самир Емурлаи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страницата на Бирото за регионален развој.

3. Во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

### Образложение

Директорот на Бирото за регионален развој по добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-9430/2 од 24.08.2018 година поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници бр. 04-1020/1 од 04.12.2018 година. Постапувајќи по барањето на ден 07.12.2018 година на својата веб страна и на веб страната на Агенцијата за администрација објави интерен оглас бр.

03/2018 за пополнување на едно (1) работно место по пат на унапредувања

По објавениот интерен оглас, Бирото за регионален развој врз основа на член 50 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници. Комисијата при спроведување на постапката на административната селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас и состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр 04-1020/9 од 18.12.2018 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју. Врз основа на спроведеното интервју Комисијата состави финална ранг-листа со предлог за избор на кандидати за унапредување за работните места бр. 04-1020/10 од 18.12.2018 година. Врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати, Директорот на Бирото за регионален развој донесе одлука за избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката да поднесе жалба до Агенцијата за администарција.

Директор,
Ramiz Rexhepi

Изработил: Ивана Петрова Давидовска
Контролирал: Снежана Толовска

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидати
- персонално досие на избран кандидат
-архива